КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

14 - 20 октомври 2019 Билтен бр. 343

ЏИФОНИ – УЧИЛНИЦА ЗА БЕЗБЕДЕН ИНТЕРНЕТ

Што е лажен профил? Кој може да пишува во мое име? Како да се заштитам? – беа дел од поставените прашања, во првата подвижна училница која е поставена на територија на Карпош (на платото кај „Сити мол“), во рамки на Меѓународниот филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“, кој оваа година се одржува по седми пат во Скопје, од 12 до 17 октомври.

Una vita da social или во превод „Живот на социјалните мрежи“ е името на подвижната училница во која учениците учат за правилно користење на социјалните мрежи, безбедноста на Интернет и заштита на животната средина.

Оваа училница ќе ја посетат ученици од сите десет основни училишта во Карпош. Тука, најмладите добиваат повеќе информации за интернет просторот, како да ги користат социјалните мрежи, како да детектираат кога некој друг се претставува во нивно име, со кои механизми да препознаат навреди, говор на омраза и слично.

Исто така, училницата овозможува и повеќе знаења за заштита на животната средина, воздухот, водата и почвата, како и начините за правилна селекција на отпадот.

Во оваа подвижна училница, денеска присуствуваше и градоначалникот на Карпош, Стефан Богоев кој пред учениците зборуваше за паметното користење на технологијата и проектот за ограничена употреба на мобилните во наставата.

Животната средина и безбедното користење на Интернетот и ИТ технологијата се едни од најважните глобални теми, а речиси сите земји се соочени со загадување и различни сајбер напади. Овие едукативни работилници во подвижната училница имаат за цел да ја подигнат свеста кај најмладите за овие предизвици со кои се соочуваат во секојдневието.

Едукативните работилници се одржуваат од експертска екипа на Одделението за Комуникациска полиција од Италија, а во соработка со Министерството за внатрешни работи на Република С. Македонија и Амбасадата на Италија во Скопје.

РЕКОНСТРУИРАНА Е УЛИЦА „ТРИФУН БУЗЕВ" ВО КАРПОШ 4

Целосно е реконструирана улицата „Трифун Бузев“, во населбата Карпош 4, во близина на основното училиште „Петар Поп Арсов“.

Се обнови коловозот во должина од 85 метри, а санацијата ја направија службите на ЈП Улици и патишта преку Договорот за меѓуопштинска соработка, склучен со локалната самоуправа.

Во претстојниот период, на полето на подобрување на инфраструктурата ќе следи и реконструкција на улицата „Хелсинки“ во Тафталиџе 1, како и санација на ул. „Новопроектирана“ во Криви Дол.

Општина Карпош продолжува со рамномерно и планско подобрување на инфраструктурата во сите урбани заедници, откако во изминатиот период се реконструираа улиците: „Карпошово востание“, „Варшавска“, „Даскал Камчев“, „Њуделхиска“, дел од „Гиго Михајловски“, а Градот Скопје обезбеди санации и за „Љубљанска“, „Московска“ и поголем дел од булеварот „Партизански одреди“.

СОВЕТОТ И МВР СО ГРАЃАНИТЕ ЗА ПОБЕЗБЕДЕН „КАРПОШ 3"

На скверот во урбаната заедница Карпош 3, се одржа маалска средба на граѓаните со претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев и претставници од Министерството за внатрешни работи. На средбата, на која присуствуваа голем број граѓани , меѓу другото, беше разговарано за проблемите на жителите од оваа урбана заедница со кои се соочуваат во однос на безбедноста.

Претседателот на Советот Манолев, заедно со членовите во Советот на Општината, Билјана Костова, Мики Филев и Димитар Зимбаков, разговараа за сите аспекти од локалното живеење во оваа урбана заедница. Беше нагласено дека Општина Карпош обезбеди специјализиран контејнер за селектирање и складирање на отпадот и храната од рибниот ресторан „ Сидро“. На граѓаните на „Манапо 4 “ им се обезбедени 27 картички за паркинг место во „ Скопје сити мол“, а пред извесно време Општина Карпош набави специјални машини за темелно чистење на асфалтни површини.

Претставниците од полицијата потенцираа дека од претходната средба со жителите на Карпош 3, од пред два месеци до сега, МВР го зголеми патролното присуство со повеќе позорникари кои ги превенираат деликтите и ја зголемуваат безбедноста на граѓаните. Карпошаните од оваа урбана заедница, реагираа на брзото возење по бул. „ Партизански одреди “ и побараа зголемено присуство на полицијата особено во доцните вечерни часови од 11:00 до 04:00 часот, кога френкфенцијата на брзото возење пред се на мотори е најголемо, и им создава проблем на граѓаните.

ЗДРАВА ИСХРАНА И ВО ГРАДИНКИТЕ „ПРОЛЕТ" И „РАСПЕАНА МЛАДОСТ"

На Светскиот ден на храната, уште две градинки во Карпош овозможуваат здрава и квалитетна исхрана. Градинката „Пролет“ во Карпош целосно го менува менито за исхрана на најмладите, воведувајќи здрави намирници, повеќе свежо овошје и зеленчук, ладно цедено масло, интегрален леб и семиња во дневните оброци на дечињата.

Овој процес на измени во исхраната е во тек и во градинката „Распеана младост“.

Оваа година, Светскиот ден на храната дава посебен акцент на потребата од обезбедување на здрава и одржлива исхрана, физички и ценовно достапна за секого.

Веќе е воведено здраво мени во градинките „Мајски цвет“ и „Орце Николов“,а денеска , токму по повод Светскиот ден на храната, во ЈОУДГ „Орце Николов“-Карпош3, м-р Фани Гулевска на дечињата им одржа предавање на тема : „Здрави животни навики“, при што заедно се договорија дека во иднина треба да пијат повеќе вода, свежо цедени сокчиња, да јадат повеќе овошје и зеленчук.

Локалната самоуправа продолжува да работи на унапредување на здравата исхрана во сите воспитно – образовни установи на територија на Карпош.

ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТСКИ КЛУБОВИ

Кошаркарскиот клуб „ СПАРТА “ ќе добие финансиска поддршка од 300.000 денари, а шаховскиот клуб „ ГАМБИТ АСЕКО СЕЕ“ ќе добие 100.000 денари со денешната одлука на Советот на Општина Карпош. Исто така, членовите на Советот изгласаа финансиска поткрепа на полицискиот клуб за боречки спортови „ 7 Мај ТИГАР“ во износ од 40.000 денари, како и финансиски со сума од 100.000 денари ќе се поддржи реализацијата на проектот „Меѓународен пливачки натпревар 13 Ноември“ организиран од клубот „ БЕТА ШАРКС“.

На оваа седница помина и Одлуката за давање на согласност за промена на корисникот на електричните броила во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош.

Изменување и дополнување со „виза“ од советниците на Карпош, доби и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2019 година, кои пак дополнувања се операционализираа во Одлука за објавување на оглас за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година. Практично на овој начин се зголемува партиципативното учество на граѓаните, физичките и правните лица, како и невладиниот сектор и здруженијата на граѓани во креирање на политики и активности во сферата на родовата еднаквост и почитувањето на човековите права и слободи во сите домени, на територијата на Општина Карпош.

Членовите на Советот го одобрија и Решенијата за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на ООУ „Вера Циривири Трена “, „ Јан Амос Коменски“, како и на ООУ „Димо Хаџи Димов “, „Војдан Чернодрински “ и на училиштето „ Братство“.

ПУНКТОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КАРТИЧКАТА МОЈ КАРПОШ

На поставениот штанд во ТЦ Лептокарија, денеска ѓраѓаните од Карпош имаа можност веднаш да аплицираат и да добијат картичка „Мој Карпош“.

Тимот од Секторот за развој при Општината им ги објаснуваше придобивките на граѓаните од употребата на картичката, попустите и бенефициите кои ќе ги добиваат во големиот број на угостителски објекти (кафулиња, ресторани, културни установи, ИТ компании и др).

Оваа картичка може да ја поседува секое лице со наполнети 13 години, а граѓаните можат да се регистрираат во урбаните заедници, по електронски пат на www.mojkarpos.mk или на пунктовите кои ги поставува Секторот за развој.

Картичката „Мој Карпош“ беше едно од главните ветувања во изборната програма на градоначалникот Стефан Богоев. Овој проект овозможи трајна соработка меѓу граѓаните, Општината и бизнис секторот.

Беа издадени повеќе од 50 картички, а тимот од Секторот за развој и во текот на утрешниот ден ќе постави штанд на платото во ТЦ Лептокарија.

ДРУЖБА И РЕКРЕАЦИЈА НА НАЈВОЗРАСНИТЕ КАРПОШАНИ

На игралиштето на ФК „Локомотива“ се одржаа Пензионерските игри 2019. Станува збор за еднодневен настан, натпреварување меѓу здруженијата на пензионери на територија на Карпош. Највозрасните наши сограѓани се натпреварува во повеќе спортови, но и го искористија настанот за меѓусебна дружба.

Пензионерите имаа можност да се сретнат и со градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев. Тој им посака успешни игри, пришто напомена дека локалната самоуправа и во претстојниот период рамноправно ќе се грижи за сите категории на граѓани.

Убавото време е уште една причина да се дружиме. Иако вие сте највозрасните наши сограѓани, сепак, на вашиот дух, енергија и желба за активност можат сите да ви позавидат. Овие Пензионерски игри традиционално ги организираме пред Денот на Општината и се убава можност за рекреација и дружба, рече Богоев.

оа што Општината во претстојниот период ќе го направи за највозрасните категории на граѓани се хуманите патроли. Секторот за дејности од јавен интерес ја комплетира документацијата за апликација на повик на Министерството за труд и социјална политика за овозможување на грижа и нега за највозрасните.

Хуманите патроли значат грижа за изнемоштените лица, посети во домовите, нега и пружање на други видови социјални улуги од страна на стручен и обучен кадар.

САНАЦИЈА НА СПОРТСКАТА САЛА НА ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ"

Целосно е реконструиран подот во спортската сала во училиштето „Владо Тасевски". Исто така, обновени се и страничните спортски реквизити и кошовите.

После долги години, учениците од ова училиште во Козле можат во достоинствени услови да спортуваат, а наставниците да одржуваат настава по Физичко образование.

Подот во салата беше во навистина лоша состојба и беа оневозможени тековните спортски активности. Денеска, поставена е нова, гумирана подлога која овозможува поголема сигурност за учениците и наставниот кадар.

Општина Карпош инвестира во подобрување на инфраструктурата во училиштата. Моментално се работи на реконструкција на тоалети во училиштата „Војдан Чернодрински" (УЗ Владо Тасевски – Млечен) и „Аврам Писевски" (Бардовци).
Исто така, во финална фаза се и новите сензорни соби за ученици со попреченост во „Лазо Трповски" и „Вера Циривири Трена".

Дел од санациите по училиштата се одвиваа за време на летниот распуст, а останатите се спроведуваат и во текот на учебната година, за време на викендите или по завршување на наставата.

МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПЛИВАЊЕ „13 НОЕМВРИ"



Во базенот кој функционира во состав на Спортскиот центар „Борис Трајковски" се одржа осмото издание на Меѓународниот турнир во пливање „13 Ноември". Станува збор за традиционален спортски настан, кој се организира во пресрет на одбележување на Денот на ослободувањето на Скопје (13. Ноември) .

Натпреварувањето го организираше пливачкиот клуб „Бета Шаркс", со овогодинешна поддршка од Општина Карпош. На дводневниот пливачки турнир учествуваа натпреварувачи од земјава, соседните држави и регионот.

Турнирот го отвори градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој на учесниците им посака спортски успех и уште многу учества на пливачките турнири:

Како локална самоуправа навистина многу инвестираме во спортот, во подобрување на спортската инфраструктура. Доделуваме стипендии на ученици – спортисти, а меѓу нив има и пливач(к)и. Исто така, во постапка сме за изведба на еден училишен, затворен базен во „Јан Амос Коменски". Искрено се надевам дека имате убав престој во Скопје и од тука ќе си заминете со нови пријателства, достигнувања и лични рекорди во пливање, рече Богоев.

Турнирот започна со трка на лица – деца со попреченост, кои само уште еднаш потврдија дека спортот не познава граници и бариери.

Потоа продолжија натпреварувањата и во другите дисциплини, а Богоев ги додели медалите и дипломите за најуспешните.

Општина Карпош и понатаму ќе вложува во развој на спортот на локално ниво. Интензивно се работи на обновување на училишните сали и игралиштата. Примарна цел е да се создадат подобри услови за спортување, што би резултирало со остварување на подобри резултати на спортистите, како на домашно така и на меѓународно ниво.